Почитувани претставници на граѓанските организации,

Ви благодариме на интересот за учество на Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2025 година. Пополнетиот образец (заедно со прилозите, доколку ги има) доставете го до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, електронски на адреса **nvosorabotka@gs.gov.mk со назнака Иницијатива за ГПРВ 2025, до 20.9.2024 година.** Со доставување на образецот потврдувате дека се согласувате вашата иницијатива да биде објавена на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

## Општи податоци за здружението / фондацијата

**Име на здружението/фондацијата**: Центар за истражување и креирање политики

**ЕМБС** (матичен број на правниот субјект според податоците во Централен регистар): 5880378

**Седиште и адреса** (улица, број, општина): Цицо Поповиќ бр. 6-2/9, Општина Центар, Скопје

**Застапник**: Марија Ристеска (risteska@crpm.org.mk)

**Веб страница**: https://crpm.org.mk/

**Електронска пошта (e-mail)**: crpm@crpm.org.mk

**Телефонски број за контакт**: +389 2 3109 932

**Лице за контакт**: Кристијан Трајковски (trajkovski@crpm.org.mk)

## Предлог- иницијатива

## за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2025 година

**Наслов на иницијативата:** Донесување и имплементација на Законот за работно ангажирање на лица и изработка на функционален информациски систем во УЈП (како механизам за формализирање на неформалната работа)

**Стратешки приоритет:** (придонес - поврзаност со определен стратешки приоритет на Владата на Република Северна Македонија)

Со Одлуката за изменување на одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024-2028 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 177/2024) оваа иницијатива е поврзана со следната стратешка определба:

- Економско заживување на земјата, унапредување на енергетската транзиција, поттикнување силен циклус на економски раст, стабилни јавни финансии, подобрување на севкупната транспортна инфраструктура, зголемување на животниот стандард, подобар и поквалитетен живот за секого.

**Приоритетна цел:** (придонес - поврзаност со определена стратешка цел на Владата на Република Северна Македонија)

Со Одлуката за изменување на одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024-2028 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 177/2024) оваа иницијатива е поврзана со следните приоритетни цели:

редвидлив, ефикасен и праведен даночен систем и зголемување на наплатата на јавните приходи и намалување на буџетскиот дефицит;
одобрено управување со јавните финансии преку етапна фискална консолидација, фискална одржливост и поддршка на економијата со зголемени капитални инвестиции;
амалување на сивата економија и поттикнување на приватна иницијатива и инвестиции;
безбедување на одржлив пензиски систем и одржување на економската вредност на пензијата на сегашните и идните пензионери.

**НППА** (поврзаност со пристапни партнерства како и соодветна идентификација на поглавје и подрачје)

- Поглавје 19, Социјална политика и вработување.
  ницијативата како дел од Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија 2021-2025 спаѓа во подрачјето 3.19.4. Политика на вработување и европскиот социјален фонд. Во овој документ оваа реформа се споменува како тековна активност и исполнување на преземените заложби за реализирање на проектот кој ја поддржува оваа активност.

**Образложение:** (Краток опис на иницијативата: причини за предлагање, предмет на уредување доколку се работи за закон или подзаконски акт и надлежен орган на државната управа)

Иницијативата за донесување и имплементација на Законот за работно ангажирање на лица и изработка на функционален информациски систем во УЈП (како механизам за формализирање на неформалната работа) е дел од донаторската поддршка за Владата на Република С. Македонија обезбедена преку Германската билатерална соработка. Поддршката се реализира преку проектот „Подобри услови за вработување на сезонските работници", а се спроведува од страна на Германското друштво за меѓународна соработка (ГИЗ) и Центарот за истражување и креирање политики.

Основни причини за предлагање на оваа иницијатива се:

- Исполнување на стратешките приоритети и цели за развој на Владата на Република Северна Македонија.
- Исполнување на стратешките заложби од Стратегијата за формализација на неформалната економија 2023-2027 година (Посебната цел 2: Унапредување на законската регулатива и ефикасноста во нејзина имплементација, поспецифично е наведена во Мерката 2.2: Подготовка и донесување на нови и унапредување на постојните законски решенија во насока обезбедување поефикасно и поефективно детектирање и намалување на неформалната економија).
- Исполнување на заложбите од Програмата за економски развој 2024-2026 година каде изготвениот Предлог на Законот е наведен како реализирана активност во 2023 година, додека како дел реформската мерка 5.1.1(1) планирано е негово донесување во 2024 година заедно со развој на информацискиот систем во УЈП, едукација и промоција на реформата - оваа активност се уште не е исполнета.
- Реализирање на обезбедените средствата за развој на информацискиот систем, како и активностите за промоција на реформата и едукација на јавните службеници и крајните корисници за функционирањето на системот.
- Унапредување на правната рамка и подобрување на севкупните економски односи преку сузбивање на неформалната економија и подобра контрола на спроведување на трудовото законодавство.
- Воспоставување нов механизам за работно ангажирање лица на краткотрајни или еднодневни работни ангажмани со или без прекини кои ќе имаат значајна улога за вклучување на одредени категории лица во рамки на формалната економија (лица кои во моментот работат непријавено).

Предмет на уредување на законот е работното ангажирање на лица за вршење на работи од повремена и сезонска природа, правата и обврските на ангажираното лице и работодавачот, постапката на пријавување на ангажираните

лица, како и плаќањето и пресметката на данок на личен доход, придонес за пензиско и инвалидско осигурување и дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување во случај на повреда на работа и професионално заболување.

Цел на законот е да се уреди работното ангажирање на лица за вршење на работи од повремена и сезонска природа, а заради остварување на правата на лицата ангажирани по овој основ, задоволување на потребата од работна сила кај работодавачите и формализирање на неформалната работа. Со ова законско решение се предвидува пријава на ангажираните лица од страна на работодавачот преку информацискиот систем на Управата за јавни приходи.

Надлежност со овој Предлог на Закон има Министерот надлежен за работите од областа на трудот за пропишување на образец, форма, како и подзаконски акти, додека Управата за јавни приходи за интегрирање и управување со информацискиот систем. Контрола врз спроведување на Предлогот на Законот ќе има Државниот инспекторат за труд, а информацискиот систем размена на податоци за осигурениците ќе врши со Фондовите и Агенцијата за вработување.

**Очекувани влијанија:** (Кои се очекуваните влијанија од предлог-иницијативата)

- Воспоставен механизам за поедноставено работно ангажирање лица следејќи ги регионалните и европски текови за развој на иновативни начини за формализирање на непријавениот труд.
- Формализирање на непријавениот сезонски труд во земјоделството, туризмот, угостителството и услугите во домаќинството;
- Правна, социјална и здравствена заштита за работно ангажираните лица.
- Подобро управување со човечките ресурси за работодавачите во услови на непредвидено зголемен обем на работа.
- Создадени услови за работа и растење во подобра деловна средина (фер конкуренција).
- Подобра контрола на спроведување на трудовото законодавство.
- Зголемување на јавните приходи по основ на плаќање даноци и придонеси за секој пријавен работен ангажман.
- Намалување на сиромаштијата – остварениот приход по основ на работно ангажирање на овој начин не претставува основа за губење на правото на ГМП, право на паричен надоместок по основ на осигурување во случај на невработеност, користење старосна/семејна пензија итн.

**Финансиски импликации:** (Дали предлог-иницијативата предизвикува финансиски импликации? Ако има, дали потребните средства се обезбедени и од кои извори?)

а. Предлог-иницијативата предизвикува финансиски импликации за развој на информацискиот систем во Управата за јавни приходи - потребните средства се обезбедени со донаторска поддршка од страна на Германското друштво за меѓународна соработка – ГИЗ преку проектот „Подобри услови за вработување на сезонските работници" во износ од 360,000 евра.
авниот буџет нема да сноси директни трошоци за спроведување на реформата, односно нема да бидат формирани нови тела, органи, ниту е потребна набавка на посебна опрема.

**Прилози** (со наведување на авторот на документот):

Во прилог на овој образец се доставува Предлогот на Законот за работно ангажирање на лица подготвен од страна на Министерството за труд и социјална политика, членовите на Работната група (составена од МТСП, МФ, АВРСМ, ФЗО, ПИОМ, УЈП, ДИТ и социјалните партнери), а усогласен со Секретаријатот за законодавство на Владата на Република С. Македонија.

Потпис на застапникот

18.09.2024 година

М.П.

Марија Ристеска,
Извршна директорка

ЦИКП
Центар за истражување и креирање на политики • СКОПЈЕ •